

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА НА ТРЕНДОТ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ФУНКЦИИТЕ НА ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА И ГРИЖАТА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА

Скопје, 2024 година

ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА
РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА - СКОПЈЕ

# АНАЛИЗА НА ТРЕНДОТ НА КАПАЦИТЕТИТЕ И ФУНКЦИИТЕ НА ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА И ГРИЖАТА ЗА ЗДРАВЈЕТО НА МАЈКИТЕ И ДЕЦАТА

**Скопје, 2024 година**

**Издавач:** ЈЗУ ИНСТИТУТ ЗА ЈАВНО ЗДРАВЈЕ НА РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА

**Стручна обработка:** Оддел за здравствена промоција и следење на болести

**Автор:** М-р Бисера Рахиќ, магистер по јавно здравје

Јасмина Шаќири, дипл. медицинска сестра,
специјализирана за незаразни болести

**Уредник:** Проф. д-р Елена Ќосевска, специјалист по
социјална медицина и јавно здравје

**Техничка подготовка:**
Сузана Дунгевска
Борче Андоновски

**Печати:**

**Тираж:**

ЦИП

## СОДРЖИНА


ПРЕДГОВОР 7

1. ВОВЕД 9

2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТРОНАЖНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 12

   2.1. Организациска поставеност 12

   2.2. Кадар 13

3. ИЗВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА 15

   3.1. Опфат на семејства во извештаен период за 2005 и 2023 годнна 16

   3.2. Реализирани патронажни посети според вид и обем 20

4. ФИНАНСИРАЊЕ НА ПАТРОНАЖНАТА ДЕЈНОСТ 38

5. ЗАКЛУЧНИ СОГЛЕДУВАЊА 39

6. П Р Е П О Р А К И 40

ПРИЛОГ 1: ТАБЕЛИ 41

# ПРЕДГОВОР

Согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Северна Македонија за 2024 година (Службен весник на РСМ, бр. 18 од 25.1.2024 година) од страна на Одделот за здравствена промоција и следење на болести во 2024 година е направена **Анализа на трендот на капацитетите и функциите на патронажната служба и грижата за здравјето на мајките и децата.**

Целта на изготвување на информацијата е да се согледа работата на поливалентната патронажна служба во целост, а особено работата на патронажата со мајките и децата.

За добивање на релевантни податоци користени се:

- - податоци од Институт за јавно здравје на РСМ од Образец број 03-17-60,
- - Функционална анализа на патронажна дејност на територија на град Скопје – Здравствен дом Скопје,
- - Проектот „Подобрување на организациската структура на патронажната служба";
- - Информација за здравјето на мајките и децата во РСМ во 2023 година – Служба за здравствена заштита за мајките и децата,Здравствен дом Скопје
- - „Упатство за начинот на вршењето на патронажната дејност", во примарната здравствена заштита,
- - Стандарди и нормативи за работа на поливалентната патронажна сестра која извршува поливалентна патронажна дејност и
- - друга литература.

Добиените резултати ќе бидат основа за следење на понатамошната работа на поливалентната патронажна служба и преземање активности за подобрување на капацитетите и функцијата на патронажната служба и грижата за здравјето на мајките и децата.

# 1. ВОВЕД

Зачетоците на патронажната дејност нé навраќаат во втората половина на XIX век во Англија каде за прв пат се спомнува овој термин. Поврзан е со името на Томас Тарнер кој е првиот човек што организирано приоѓајќи му на решавањето на проблемот на високата смртност на доенчињата, во Манчестер во 1862 година ја основал првата патронажна служба за мајки и деца. На крајот на 19 век, Florens Najtingeil имала визија за медицинска сестра која ќе работи во партнерство со семејствата и која ќе им овозможи да изнајдат самите решенија за сопствените здравствени потреби.

Во Република Северна Македонија патронажната служба за првпат била организирана во 1962 година како моновалентна и бивалентна, односно третирала здравствени проблеми и обезбедувала здравствена заштита само на одредени групи на корисници. Во денешно време луѓето живеат подолго, популацијата е мобилна, семејството трпи промени, почести се незаразните хронични болести, а рапидните промени во технологијата предизвикуваат револуција во здравствената заштита. 1988 година, е донесена Виенската декларација во која се дава поддршка на медицинските сестри во насока за постигнување на поставените цели на Европа, а се составен дел од програмата на СЗО „Здравје за сите“.

**„Поливалентна патронажната дејност** е дејност на активен здравствен и социјален третман на поединецот или семејството и има превентивно-куративен карактер. Таа се врши во рамките на мрежата на примарно ниво на здравствена заштита од страна на јавните здравствени установи - Здравствени домови преку поливалентни патронажни сестри. Патронажната дејност е поливалентна при што се пружаат услуги на целото семејство преку посети во домот и во рамките на локалната заедница. Основна цел на патронажната здравствена нега е давање нега надвор од здравствените установи (домови, градинки, училишта, работните места и пошироката заедница), поттикнување за зачувување и унапредување на здравјето, превенирање на болестите, како и одржување на здравјето.

**Поливалентната патронажна сестра** според ставовите на Виенската декларацијата, се дефинира како “Семејна сестра која го унапредува и промовира здравјето во заедницата со препораки за здрави животни навики, помага за зачувување на здравјето и превенира болести.“ Согласно нормативите на работа, дефинирани работи и задачи кои ги извршува патронажната сестра се:

1. Систематска обработка на семејството;
2. Посета на бремена жена;
3. Посета на леунка и новороденче;
4. Посета на жена во репродуктивен период и менопауза;
5. Посета на доенче;
6. Посета на мало и предучилишно дете;
7. Посета на училишно дете и адолесцент;
8. Посета на туберкулозен болен;
9. Посети на заболени од малигни неоплазми;

10. Посета на заболени од дијабет;
11. Посета на останати тешки хронични незаразни заболувања (кардио-васкуларни болни, цереброваскуларниболни и други);
12. Посета на стари и изнемоштени лица и лица со попреченост. Покрај споменативе, патронажната сестра исто така одржува и група за поддршка при доење (ГПД), советување по повик во установа, здравствено предавање и работа во мала група.

**Патронажна здравствена нега** е специјално подрачје на здравствената нега која го третира поединецот, семејството и локалната заедница во сите периоди на здравје и болест. Носител на патронажната здравствена нега е патронажната медицинска сестра, која ги проценува потребите за здравствена нега, планира сестрински интервенции на здравствената нега и врши евалуација на постигнатите цели. Таа советува за здрав начин на живеење и предупредува за ризичните фактори кои може да влијаат и да го загрозат здравјето. Помага на поединци и семејства во нивните домови да се соочат со болеста, хроничниот инвалидитет и стрес.

**2020 година е изготвено „Упатство за начинот на вршењето на патронажната дејност“, во примарната здравствена заштита.**

*Општите стандардни постапки за работата во поливалентната патронажна дејност, содржат и постапки за одржување на хигиена и контрола на инфекции во поливалентната патронажна дејност кои ги спроведува патронажната сестра за одржување на хигиена и спречување на инфекции од кои:*

| | |
|---|---|
| Миење на раце | Се мијат пред и по секоја интервенција со корисникот во неговиот дом согласно општиот протокол за миење на раце. На терен доколку нема услови за миење на раце се врши антисептично миење со дезинфициенс согласно општиот протокол. |
| Користење на заштитни ракавици | Се користат еднократни ПВЦ ракавици согласно општиот протокол за користење на ракавици. За секој корисник се користат нови ракавици. |
| Проветрување на просториите | Просториите се проветруваат согласно општата постапка за проветрување на простории. |
| Шкаф за чување на лекови и медицински материјал | Секојдневно се дезинфицира со дезинфекционо средство предвидено со постапката. |
| Патронажна торба | Секојдневно се пребришува патронажна торба со мокра крпа, се дезинфицира согласно протоколот, а по потреба и почесто ако е контаминирана. |
| Стетоскоп | По секоја употреба се пребришува со дезинфекционо средство (70% алкохол). |
| Манжета за мерење на крвен притисок | Секојдневно се пребришува со дезинфекционо средство. |
| Процедура при теренска посета на семејство | При посета на секое семејство, а особено при посета на новородено и леунка при влегување во домот се соблекуваат чевлите или се користат заштитни каљачи за еднократна употреба кои се навлекуваат на чевлите |

| | |
|---|---|
| Земање на крв за гликемија и холестерол со глукомер и апарат за мерење на холестерол | Се врши дезинфекција на јагодицата на прстот на пациентот и се зема крв за испитување со стерилна игла. Се користат ленти за мерење на гликемија и холестерол. Апаратот секојдневно се чисти со дезинфекционо средство, а по секое мерење местото каде се поставува лентата се пребришува со 70% алкохол. Медицинскиот материјал се отстранува во патронажната торба и се враќа во просториите на службата каде се складира согласно протоколот за медицински отпад. |
| Процедура за нега на папче | Се мијат рацете пред и по интервенцијата согласно постапката. Се врши преглед на папче со ПВЦ ракавици за секое новородено. Тоалетата на папче се врши со стерилен сет за нега на папче за една употреба и 70% алкохол. По завршената тоалета материјалот се складира во патронажната торба и се враќа во просториите на службата каде се складира согласно протоколот за медицински отпад. |
| Процедура за преглед и измолзување на гради кај родилката | Се мијат рацете пред и по прегледот и интервенцијата. Се користат ПВЦ ракавици за секоја родилка. По завршената интервенција ракавиците се складираат во патронажната торба и се враќаат во просториите на службата и понатаму се постапува согласно протоколот за медицински отпад. |
| Процедура при користење на портабл токомер | Апаратот секојдневно се пребришува со дезифициенс согласно упатството. Пред и по секое мерење на тонови се врши дезинфекција на сондата. Корисникот се премачкува со гел или вода и по завршеното мерење се пребришува со чиста хартиена хартија од страна на сестрата или му се дава сам да се избрише. |
| Биро за работа | Секојдневно се дезинфицира со дезинфекционо средство предвидено со упатство. Секоја сестра е задолжена за хигиена на својата патронажна торба и апаратурата и медицинскиот материјал кој таа торба го содржи. |

**“Патронажна посета”** е пружање на стручна помош и следење на состојбата по породување на осигурено лице - породилката и на новородено дете со цел зачувување и унапредување на здравјето на родилката односно детето, кај кои постои зголемен ризик од појава на болести. Патронажната посета ја спроведуваат медицински сестри од тимот на избраниот лекар - гинеколог.

Во зависност од бројот на проблемите во здравството кои ги обработува и задачите кои ги извршува, патронажната дејност може да биде моновалентна, бивалентна и поливалентна. Најчесто кај нас тие посети се од бивалентен карактер, односно се посетуваат родилката и новороденото.

Поаѓајќи од сознанијата дека патронажната дејност се карактеризира со специфични задачи за здравствената заштита на населението кои се спроведуваат според утврдени програми и барања, таа ги опфаќа следните **работни задачи**:

- Здравствено-промотивни и превентивни активности поврзани со подобрување на здравствено-хигиенските навики на населението преку информирање, давање совети и помош;
- Учество во социјална мобилизација за успешно спроведувањето на превентивните програми на Министерството за здравство (Програмата за имунизација, Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца и други програми), особено во социјално маргинализирани подрачја и кај вулнерабилни групи;

- Континуирано следење на здравствената состојба на семејствата во подрачјето на нивното делување и соодветна комуникација со постоечката мрежа на здравствени организации заради рано откривање и навремено лекување на акутните и хроничните заразни и назаразни заболувања;
- Учество во спроведување на одредени мерки, постапки и работи во здравствената заштита на жената во доменот на безбедното мајчинство, посебно во врска со бременоста, породувањето, мајчинството, семејното планирање и абортусот; новороденчето, доенчето, претшколското и школското дете, особено на децата со попреченост;
- Активно учество во спроведувањето на одредени форми на домашно лекување (контрола на спроведување и извршување на налогот на лекарот во поглед на примена на ординираната терапија, хигенодиететскиот режим и другите мерки во врска со лекувањето);
- Учество во одржување на работната способност на хронично заболените, старите, изнемоштени и инвалидни лица; учество во спроведувањето на здравствената, социјалната, психолошката, а делумно и физикалната рехабилитација на привремените и трајните, функционалните и органските оштетувања кај тие лица.
- Учество во спроведување на одредени мерки, постапки и работи во здравствената заштита на заболени од хронични незаразни заболувања, болести на зависност (зависност од дроги, алкохол, пушење и др.); заболени од туберкулоза како и други заразни заболувања;
- Подучување на членовите на семејството во врска со правилната исхрана, како и подготвувањето на храна за децата и за заболените;
- Остварување на соработка со мрежата на здравствените организации и социјалните установи како и сите јавни установи во локалната заедница заради обезбедување на сеопфатен пристап кон здравјето на населението;
- Вршење и други работи и задачи од својата дејност, согласно на потребите и можностите на подрачјето, утврдени со планови и програми за здравствената заштита на населението.

# 2. ОРГАНИЗАЦИЈА НА ПАТРОНАЖНАТА ДЕЈНОСТ ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

## 2.1. Организациска поставеност

Постојат низа стратешки документи кои ги регулираат превентивните здравствени услуги за граѓаните, семејствата и маргинализираните групи, како дел од поголем систем за обезбедување на целосни здравствени и социјални услуги. Тоа се: Законот за здравствена заштита, Законот за јавно здравје, Законот за заштита од заразни болести, Националната програма за имунизација, Националната годишна програма за јавно здравје, Програмата за активна здравствена заштита на мајки и деца, Програмата за систематски прегледи на учениците и студентите, Програма “Здравје за сите” и други.

Патронажната служба припаѓа во примарна здравствена заштита при здравствените домови. Регулирана е со Законот за здравствена заштита, додека медицинската документација и евиденција е регулирана со Законот за евиденции во областа на здравството.

Согласно Законот за здравствена заштита една од областите кои се опфатени во дејноста на здравствените домови е поливалентна патронажа, која е дел од здравствената дејност на примарно ниво. Дејноста на поливалентна патронажа ја извршуваат патронажни медицински сестри во склоп на ординациите за предучилишни и училишни деца и поливалентна патронажа.

Во Република Сверна Македонија патронажна дејност се спроведува во сите населени места. Прикажувањето на податоците за работата во оваа дејност е според 80 општини.

Во најголем број на општини се спроведува само превентивна здравствена заштита, додека во останатите а особено руралните подрачја покрај превентивна, се спроведува и куративна здравствена заштита, односно нега на болните.

## 2.2. Кадар

Според нормативите за работа во патронажната дејност, за реализација на активностите во населено место со просечна густина на населеност, потребно е да се обезбеди по една патронажна сестра на секои 1000 до 1500 семејства, односно на 3000 до 5000 жители. На поширокото подрачје, заради просторната оддалеченост и потешки комуникации, како и низа други специфичности, треба да се обезбеди една поливалентна патронажна сестра на 800 до 1300 семејства, односно на 2000 до 4000 жители.

Со оваа Уредба бил одреден минимумот на кадар во патронажната дејност во состав на здравствена станица, односно здравствен дом, а тоа е една патронажна сестра, со средна,виша или висока стручна подготвеност.

Системот на патронажна служба во Северна Македонија е организиран преку единиците за патронажни услуги, кои функционираат во рамките на 34 здравствени домови низ целата земја.

Согласно овие нормативи во Република Северна Македонија која според последниот попис од 2021 година има 1.836.713 жители, би требало да има најмалку **367 патронажни сестри**.

Врз основа на редовната здравствена статистика, согласно образецот за работа на службата за поливалентна патронажа (Обр. бр. 3-17-60), во 2023 година вкупно во сите пунктови биле вработени 258 патронажни работници.

**Дијаграм 1.** Тренд на бројот на патронажни сестри во Р. Македонија, период 2000-2005




**Извор:** Републички завод за здравствена заштита-Скопје, 2005

Реално, постојат слабости во евиденцијата, но за тоа во најголем дел придонесува недефинираниот статус на службите и патронажните работници, честиот одлив на кадри од природен карактер, работа во други служби и слично и сето тоа ја отежнува точната евиденција. Миграцијата од земјата и/или во другите сектори на економијата и несоодветната финансиска поддршка од владата се битни фактори за спречување на зголемувањето на работната сила на патронажните сестри што доведува до несоодветен сооднос патронажна сестра - население. Недостигот од континуирана медицинска едукација за патронажните сестри негативно влијае врз квалитетот на постоечката работна сила. Ова е надополнето со слаби меѓусебни врски помеѓу патронажните служби, самиот здравствен сектор и другите сектори, како што е социјалниот, кои не се соодветно институционализирани и/или оперативни на локално ниво.

Податок кој треба посебно да се истакне е дека постои тренд на намалување на бројот на кадри вклучени во патронажата во споредба со претходните година. Во 2023 година регистрирани се вкупно 258 вработени на неопределено време во споредба со 2019 година, кога имало 343 патронажни работници или 85 патронажни работници помалку, што претставува големо намалување. Во однос на 2005 година има зголемување од 32 патронажни сестри.

2005 година, број на вработени во поливалентната патронажна служба изнесувал вкупно 226, од нив, 107 медицински сестри со средно образование, 92 акушерки со средно образование, а останатите 27 со вишо образование, од кои 1 акушерка.

2023 година состојбата е следна: Поливалентната патронажна служба вкупно брои 258 вработени од нив 180 медицински сестри и тоа 150 со средно образование, 25 со високо и 5 со вишо, 75 акушерки од кои 72 со средно, 3 со високо образование и 3 со друго образование.

**Дијаграм 2.** Тренд на бројот на патронажни сестри во Р.С. Македонија, период 2019-2023




**Извор:** Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје,2024

Неофицијално, можеби бројот на кадри е поголем ако се земат во предвид и сестри кои биле вработени по договор на дело.

Останува да се работи на зголемување на бројот на патронажни работници со што ќе се обезбеди подобар квалитет во работата и особено поголем опфат на населението, особено во руралните подрачја.

## 3. ИЗВРШЕНИ ЗДРАВСТВЕНИ УСЛУГИ ОД ПАТРОНАЖНАТА СЛУЖБА ВО РЕПУБЛИКА МАКЕДОНИЈА

Извештајот за извршената работа на патронажните служби во 2023 година е прикажан паралелно со препораките во Упатството за водење на збирната евиденција на ниво на општина, регион и држава, како месечен, тримесечен, шестомесечен и годишен извештај со цел да и преку овој начин се укаже на прецизноста и деталниот и сериозен пристап во изработката на документацијата која треба да обезбеди донесување на одлуки базирани на солидни податоци и докази. Податоците во најголем дел се однесуваат за состојбите на национално ниво, додека приказот по 80 општини е даден во прилог во табеларните прегледи.

## 3.1. Опфат на семејства во извештаен период за 2005 и 2023 годнна

Дефиниција за семејство: Семејство е основна единица на општеството во кое се врши здравствена нега и го опфаќа и поединецот и семејството согласно социолошката функција и поширoката семејна заедница и тоа од физички, психички, социјален и духовен аспект, земајќи ја во предвид нивната здравствена состојба. За патронажната сестра е значајно да ги познава околностите во кои живеат таквите семејства, односно домаќинството, односите во семејството, работната, физичката, психичката, социјалната, духовна околина која може да влијае на здравствената состојба на семејството, во позитивна или негативна смисла. Семејство е заедница на двајца родители кои имаат едно или повеќе деца кои зависат од нив. Таквото семејство го нарекуваме семејство-јадро. Семејството во кое живеат и други роднини (на пр. дедо и баба, тетки, чичковци) го нарекуваме проширено семејство. Но како семејство се водат и семејства со еден родител, хомосексуални врски и слично, бидејќи функциите кои ги вршат се исти како и во останатите семејства.

### 1. Опфат на семејства со патронажни посети

Според пописот на домаќинствата и населението во Р.С. Македонија во 2021 година, во нашата држава има вкупно 598.632 домаќинства. Се очекува патронажната служба да ги опфати сите домаќинства, односно патронажните сестри да ги посетат во своите реони сите домаќинства, и тоа најмалку еднаш во текот на календарската година.

Во 2005 г. вкупно 68308 семејства, односно домаќинства се прв пат посетени од патронажните работници, но тоа е само 1/10 од потребите, што се должи, покрај другото и на недостаток на кадар и технички можности. Реализирани се и 101981 повторни посети на семејствата или вкупно 170316 патронажни посети на семејства.

Во 2023г. вкупно 150932 семејства, односно домаќинства се прв пат посетени од патронажните работници, тоа е помалку од 1/4 од семејствата, што се должи пред се, на недостаток на кадар. Реализирани се и 113010 повторни посети на семејствата или вкупно 263942 патронажни посети на семејствата во државата.

### 1. Работни часови

Значаен индикатор за работата на патронажните сестри е бројот на реализирани работни часови и динамиката на дневните активности.

Во таа смисла, значајно е да се следи вкупниот број на работни часови искористени за подготовка за работа на терен (подготвување на документација, подготвување на материјал, прием на странки, разговори, планирање на работа и слично)

Потоа, вкупниот број на работни часови реализирани на теренот (посети дома, давање совети, интервенции за нега, здравствено воспитание преку работа во група, останата работа на терен), како и вкупниот број на работни часови реализирани вон теренот (стручно усовршување, работни состаноци, архивирање, спроведување попис и слично).

Вкупно во 2005 година, биле реализирани 448.179 работни часови, од кои половината сработени на терен, а останатите за подготовка на терен или работа вон терен. Тоа е просечно по 248 работни дена по 1 сестра.

Голем број работни часови - 64179 се реализирале за работа во амбуланти во други служби, што секако влијае на намалување на квалитетот на работата на патронажната служба и опфатот на населението. (табела 1)

**Табела 1.** Здравствени работници и реализирани работни часови во Поливалентната патронажна служба во Р. Македонија, 2005

| Бр. | степен на образование | Број на вработени на неодредено време | Работни часови за: | | | |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Подготовка на терен | На терен | Работа вон терен | Вкупен број на часови |
| | | | 1 | 2 | 3 | 1-3 |
| 1 | МС- високо образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 2 | МС- спесијалист по патронажна дејност | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 3 | МС- вишо образование | 26 | 10169 | 23123 | 3014 | 36306 |
| 4 | МС- средно образование | 107 | 38689 | 82008.5 | 17688.5 | 138386 |
| 5 | Акушерка- високо образование | 0 | 0 | 0 | 0 | 0 |
| 6 | Акушерка- вишо образование | 1 | 645 | 1677 | 0 | 2322 |
| 7 | Акушерка- Средно образование | 92 | 39942 | 76657 | 30633 | 147232 |
| 8 | Останати | 0 | 30640 | 80449 | 12844 | 123933 |
| 1-8 | | 226 | 120085 | 263915 | 64179 | 448179 |

Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје, 2005

Во 2023 патронажната служба остварила 408.961 работни часови, од кои 233.571 биле на терен, 126.266 часови за подготовка на терен. Тоа е просечно 198 работни дена по 1 сестра, што е за 50 дена, помалку во однос на 2005 година. Останатите 408.961 часа се реализирале за работа во други служби, што секако придонесува за понизок квалитет и помал опфат на населението. Најмногу остварени работни часови имаат медицинските сестри со средно образование. (табела 2)

Табела 2. Здравствени работници и реализирани работни часови во Поливалентната патронажна служба во Р.С. Македонија, 2023

| Степен на образование | | Број на вработени на неопределено време | Работни часови за: | | | Вкупно работни часови |
|---|---|---|---|---|---|---|
| | | | Подготовка на терен | На терен | Работа вон терен | |
| | | | 1 | 2 | 3 | 1+2+3 |
| **Вкупно** | | **258** | **126266** | **233571** | **49124** | **408961** |
| 1 | МС високо образование | 25 | 8493 | 20857 | 15506 | 44856 |
| 3 | МС више образование | 5 | 3895 | 5451 | 601 | 9947 |
| 4 | МС средно образование | 150 | 78321 | 140056 | 27044 | 245421 |
| 5 | Акушерка високо образование | 3 | 5467 | 2838 | 234 | 8539 |
| 7 | Акушерка средно образование | 72 | 29982 | 64045 | 5563 | 99590 |
| 8 | Останати | 3 | 108 | 324 | 176 | 608 |

Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје,2024

Број на семејствата според видот на семејството:

1. **Вработен (В)** - сите семејства каде најмалку еден член е во редовен работен однос
2. **Пензионер (П)** - сите семејства каде сите членови имаат статус на пензионери
3. **Земјоделец (З)** - сите семејства каде двајцата брачни другари имаат статус на земјоделец
4. **Други (Д)** - сите останати семејства
5. Број на први посети на семејства во извештајниот период-се однесува на вкупниот број на семејства посетени за прв пат во календарската година
6. Број на повторни посети на семејства во извештајниот период- секоја натамошна посета во семејствата е повторна посета.

Во вкупниот број на прв пат посетени семејства во 2005г, најмногу или 28299 се семејства каде носителот на осигурувањето е вработен, 7328 се семејства на пензионери, 933 се семејства на земјоделци и останатите 24919 или 36,5%, се семејства на невработени или неосигурени лица. Ова покажува дека патронажните сестри ги пружаат своите здравствени услуги хумано и солидарно.

**Табела 3.** Број на посетени семејства во 2005 година

| Бр | Вид на семејство | Број на семејство |
|---|---|---|
| 1 | Вработени( В ) | 28299 |
| 2 | Пензионери ( П ) | 7328 |
| 3 | Земјоделец ( З ) | 933 |
| 4 | Други ( Д ) | 24919 |
| 1-4 | Вкупно | 68308 |
| 5 | Број на први посети на семејства во извештајниот период | 68308 |
| 6 | Број на повторни посети на семејства во извештајниот период | 101981 |
| **5-6** | **Вкупно** | **170316** |

Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје, 2005

Во вкупниот број на прв пат посетени семејства 2023г, најмногу или 34777 се семејства каде носителот на осигурувањето е вработен, 6821 се семејства на пензионери, 1195 се семејства на земјоделци и останати 20909 се семејства на невработени или неосигурени лица.

**Табела 4.** Број на посетени семејства во 2023 година

| Бр | Вид на семејство | Број на семејства |
|---|---|---|
| 1 | Вработен (В) | 34777 |
| 2 | Пензионер (П) | 6821 |
| 3 | Земјоделец (З) | 1195 |
| 4 | Други | 20909 |
| 1-4 | Вкупно | 63702 |
| 5 | Број на први посети на семејства | 62420 |
| 6 | Број на повторни посети на семејства | 71237 |
| **5-6** | **Вкупно** | **133657** |

Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

Бројот на реализирани посети во домаќинствата е значително намален во 2023г. во однос на 2005г. Бројот на вкупното население е намален, но бројот на семејствата е поголем во 2023г. што укажува на тенденција на намалување на опфат на семејствата и бројот на посети, од страна на патронажните работници.

## 3.2. Реализирани патронажни посети според вид и обем

Дефиниција за превентивна посета: Посета заради давање совети, упатувања за натамошно превентивно згрижување на корисниците на услуги.

Дефиниција за куративна посета: Посета кај болниот на кој му е потребна здравствена нега во домот, врз основа на работниот налог за интервенции за нега добиен од страна на матичниот доктор или доктор во болница со која патронажната служба соработува.

Во 2005 година вкупно се остварени 303173 посети кај одделни корисници на услуги. Во 97,5% од вкупниот број на патронажни посети или вкупно 295735 посети се превентивни посети, а останатите се посети заради пружање на интервенции за нега кај заболени лица или куративни посети.

Дијаграм 3. Реализирани патронажни посети според вид и обем во 2005 година




Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје,2005

Во 2023г. вкупно се реализирани 263.942 патронажни посети од кои 261.650 превентивни посети или 99% и само 2292 куративни посети или 1% од вкупно реализирани патронажни посети.

Дијаграм 4. Реализирани патронажни посети според вид и обем во 2023 година




Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

### *3.2.1. Превентивни патронажни посети*

Согласно со Упатството во колоната "Вкупен број на регистрирани корисници на подрачјето" се впишува вкупниот број на регистрирани корисници на подрачјето според податоци од соодветни институции-извори на статистички податоци како што се: Државниот завод за статистика, неговите општински и подрачни единици, Центрите за јавно здравје и др. Овие податоци се добиваат најмалку еднаш годишно (на крајот на годината) и задолжително се внесуваат во годишниот извештај за работата на патронажната служба. Доколку нема податоци во текот на годината, во тој случај во Извештајот за работата на патронажната служба за месец, тромесечие и полугодие, оваа колона се остава празна.

Корисници на патронажни услуги се:

**Новороденче** - новороденчиња (живородени деца) родени во периодот од 01.01. до 31.12. во календарската година за која се однесува извештајот

**Доенче** - доенчиња родени во периодот од 01.01. до 31.12; бројот е еднаков на бројот на живородени деца

**Дете на 2 години** - деца со наполнети две години

**Дете на 4 години** - деца со наполнети четири години

**Училишно дете** - деца во 1, 5 и 8 одделение основно образование и во 1 и 4 година средно образование

**Бремена жена** - бремени жени чиј термин за породување бил меѓу 01.01. и 31.12. во годината

**Родилка и леунка** - леунки породени меѓу 01.01. и 31.12. во годината

**Жена во репродуктивен период** - се однесува на жени од 30-40 години

**Старо лице** - лица кои на 31.12 во годината биле постари од 65 години

**Лице со малигна неоплазма** - болни со канцерозни заболувања

**Лице со КВЗ** - болни од кардиоваскуларни заболувања

**Лице со ЦВЗ** - болни од цереброваскуларни заболувања

**Лице со дијабет** - болни од шеќерна болест

**Лице со душевно растројство** - болни со неуротични и психотични растројства

**Инвалидизирано лице** - корисници кои се телесни инвалиди, лица со пречки во развојот, комбинирано

**Лице со ТБЦ** - болни со активна и новооткриена туберкулоза

**Лице со друга хронична болест** - болни со хронични болести врз основа на налог за здравствена нега.

**Лица со други болести** - сите останати болни (пр. инфекции, состојби)

Останати корисници - здрави лица (пр. деца во пубертет), лица со ризик(пр. неухранети, лица со зголемена телесна тежина, пушачи).

Главно семејствата се посетувани поради пружање на превентивни услуги сврзани со обезбедување на безбедно мајчинство: породување и леунство на родилките (17%), правилен раст и развој на новороденчето (16%), односно доенчето (18%), жени во репродуктивен период (11%), бремени жени (7%), а потоа следуваат посетите заради здравствена заштита на деца на 2-годишна, 4-годишна и училишна возраст. Останатите околу 25-30% се превентивни посети кај заболени од туберкулоза, кардиоваскуларни заболувања, шеќерна болест и други хронични болести, потоа алкохолизам, нега на стари лица и друго.

Дијаграм 5. Структура на вкупниот број на превентивни патронажни посети според категорија на корисници на услуги 2005г.




Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје,2005

2023г, семејствата се посетувани поради пружање на превентивни услуги кај доенчињата 15%, породување и леунство на родилките 13%, жени во репродуктивен период 13%, правилен раст и развој на новороденчето 11%, жени во репродуктивен период 11%, а потоа следуваат посетите заради здравствена заштита на училишни деца и деца на 2-годишна, 4-годишна возраст. 22% се превентивни посети кај останатите категории на население  од различна возраст или хронични болни, со цел советување за правилен стил на живеење, совети во врска со превенција на хроничните незаразни болести, спречување на ризик факторите, превенција на компликациите од болестите и слично.

Дијаграм 6. Структура на вкупниот број на превентивни патронажни посети според категорија на корисници на услуги 2023г




Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

### *3.2.1.1. Улога на патронажната дејност во здравствена заштита на жени и деца*

Согласно Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија во 2023г, треба да се обезбеди:

- 2 патронажни посети по бремена, а кај ризичните бремености и повеќе, особено на бремени помлади од 18 години и постари од 35 години, со неповолни социјални услови за живеење и со пониска здравствена просветеност;
- 3 патронажни посети по леунка, при што првата посета треба да биде извршена во првата недела по раѓањето на новороденчето.
- 3 патронажни посети по доенче, а за децата со поголем ризик, се обезбедуваат поголем број посети.

Вкупниот број на живородени деца во РСМ е во постојан пад од година во година и во 2023 изнесува 16737. Бројот на живородени деца е намален во 2023 година во однос на 2022 за 7.4%, а во однос на индексна 2005 година, бележи пад од 25%.

Табела 5. Движење на бројот на живородени деца во Р.Македонија во период 2005-2023 година

| Година | 2005 | 2019 | 2020 | 2021 | 2022 | 2023 |
|---|---|---|---|---|---|---|
| број на живородени деца | 22482 | 19841 | 19031 | 18648 | 18073 | 16737 |

Извор: Државен завод за статистика: Наталитет во РСМ

**Патронажни посети на жени**

Карактеристично е дека овој број на посети се должи пред сѐ, на бројот на посети кај жени заради бременост, период на породување и леунство и превентивни услуги дадени на жени во репродуктивниот период во смисла на совети во врска со планирање на семејство, рано откривање на болестите, превенција на хроничните болести, потоа совети во врска со менопаузата и проблемите сврзани со овој период, како и други слични состојби.

Со оглед дека патронажната служба претставува комплементарен дел на здравственот систем кој треба да обезбеди пристап до здравствени услуги и до најодалечените подрачја и за највунерабилните групи (таму каде нема матични гинеколози), со намалувањето на бројот на овие здравствени услуги се загрозува универзалниот пристап на жените од репродуктивен период до здравствени сервиси за унапредување на здравјето на жените поврзано со мајчинството. 2023 година број на посети кај бремени жени е 1.6 во однос на 2003 кога имало 1.1 посета во просек по бремена и кај леунки број на посети е поголем во 2023 изнесува 2.6 во однос на 1.8 посети во просек, во 2003 година.

Табела 6. Патронажни посети кај жени во период на бременост и леунство, период 2003-2023

| Патронажни | 2003 | | 2005 | | 2021 | | 2023 | |
|---|---|---|---|---|---|---|---|---|
| посети | Број | Просек | Број | Просек | Број | Просек | Број | Просек |
| 1 | 2 | 3 | 4 | 5 | 6 | 7 | 8 | 9 |
| Бремени жени | 26850 | 1.1 | 21564 | 1 | 7454 | 1.5 | 9049 | 1.6 |
| Леунки | 50125 | 1.8 | 51318 | 2.3 | 23846 | 2.3 | 33443 | 2.6 |

Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

Во 2023 година регистрирани се 5591 први патронажни посети на бремени жени и офатени се околу 33.1% од бремените жени, со просек од 1.6 посети по бремена. Бројот на вкупно регистирани патронажните посети на бремени жени во 2023 година е 9049. Со тоа, се уште постои надолен тренд на опфат со патронажни посети.

Патронажната служба спроведува и патронажни посети во послепородилниот период во домот на родилката по напуштање на породилиштето. Во 2023 година со патронажни посети опфатени се 76,7% од родилките и регистрирани се вкупно 33443 патронажни посети кај леунки или во просек 2.6 посети по леунка. Регистрираниот број на први посети на леунка изнесува 12840.

Во последната декада регистрирани се варијации но и надолен тренд на бројот на регистрирани патронажни посети кај бремени и леунки.

Графикон 1. Број на регистрирани патронажни посети кај бремени и леунки (2019-2023)




Извор: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

**Патронажни посети на деца**

Во 2005 година извршени се вкупно 47198 посети кај новороденчиња и 53772 посети кај доенчиња. Опфатени се 75% од новородените и достигнат е просек од 2.1 посети (предвидено 3). Програмата за активна заштита на мајки и деца во однос на опфатот на доенчињата со патронажни посети е реализирана, бидејќи се остварени 4.5 посети по доенче. Исто така, патронажните сестри извршиле за прв пат вкупно 12762 превентивни посети и кај училишни деца и тоа деца во прво, петто и осмо одделение во основно училиште, како и прва и четврта година во училиште за средно образование.

Во текот на 2023 година, патронажната служба со патронажни посети опфатила 79.1% од новородените со просек од 2.3 посети по новородено и 4.1 посети по доенче. Кај децата на 2 години е постигнат просек од 1.3, и кај децата од 4 години, е просек од 1.3 посети по дете.

Нестабилниот тренд на индикаторите за опфат со патронажни услуги, воглавно се должи на прераспределувањето на патронажните сестри на други работни задачи со што се намалува нивната ефективност во обезбедување на овие здравствени услуги. Во 2023 година се извршени и 19293 посети кај 2 годишни деца, 20275 посети кај 4 годишни деца и 26275 посети кај училишни деца или вкупно 66843 посети.

Табела 7. Патронажни посети кај доенчиња, период 2003-2023 година

| Патронажни посети | 2003 | 2005 | 2021 | 2023 |
|---|---|---|---|---|
| **1** | **3** | **4** | **5** | **6** |
| Број на посети | 106630 | 100970 | 47103 | 66067 |
| Просек по 1 доенче | 3.9 | 4.5 | 3.3 | 4.1 |

Извор: Служба за здравствена заштита на мајки и деца -Скопје, 2024

### *3.2.1.2. Нарачател на превентивните патронажни посети*

Нарачатели на превентивните посети може да бидат - здравствени организации - болница или одделни служби во рамките на здравствениот дом (општа медицина, амбуланти и диспанзери за жени, деца, училишни деца и младина, специјалистички служби, патронажна служба), други установи (центар за социјална работа, градинка, училиште) и локални заедници кои í издаваат налози на патронажната служба за извршување на превентивна посета. Во “останати” спаѓаат: организации, странки, соседи, сите кои не се одделно прикажани.

Од вкупниот број превентивни посети, 98,2% извршени се со издавање на специјално дизајнирани упати (налик на ППС образецот) од главната

патронажна сестра согласно со Програмата за активна здравствена заштита на мајките и децата во Република Македонија за 2005 година.

За останатите посети, упат до патронажната служба дале службите за општа медицина, гинеколошките диспанзери, диспанзерите за деца, школски деца и младина и останатите служби или институции.

Табела 8. Број на издадени налози за патронажна посета, 2005

| | Вид на установи | Број на налози |
|---|---|---|
| 1 | Служба за 33 на возрасни (општа медицина) | 1369 |
| 2 | Служба за 33 на жени | 1393 |
| 3 | Служба за 33 на деца | 1105 |
| 4 | Служба за 33 на училишни деца и младина | 260 |
| 5 | Специјалистичка служба | 276 |
| 6 | Болница | 8 |
| 7 | Центри за социјална работа | 21 |
| 8 | Локална заедница | 10 |
| 9 | Градинка | 0 |
| 10 | Училиште | 0 |
| 11 | Патронажна служба | 290425 |
| 12 | Оснати | 868 |
| **1-12** | **Вкупно** | **295735** |

Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје,2005

2023 година, најголем број издадени налози за превентивни посети или околу 99%, издале патронажните служби, додека само 2627 налози издале службата за здравствена заштита на деца и жени, болници, училишни деца и младина и останати.

Табела 9. Број на издадени налози за патронажна посета, 2023

| Ред.бр. | Нарачател | Број на налози |
|---|---|---|
| 1 | Служба за ЗЗ на возрасни (општа медицина ) | 7 |
| 2 | Служба за ЗЗ на жени | 652 |
| 3 | Служба за ЗЗ на деца | 673 |
| 4 | Служба за ЗЗ на на училишни деца и младина | 214 |
| 5 | Специјалистичка служба | 53 |
| 6 | Болница | 483 |
| 7 | Центар за социјална работа | 0 |
| 8 | Локална заедница | 0 |
| 9 | Градинка | 14 |
| 10 | Училишта | 0 |
| 11 | Патронажна служба | 259023 |
| 12 | Останати | 531 |
| | **ВКУПНО** | **261650** |

Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

### *3.2.1.3 Здравствено-социјални проблеми откриени за прв пат*

Новата медицинска документација и евиденција дава можност да се прикаже бројот на откриените проблеми во семејството од страна на патронажните сестри во календарската година во извештајниот период. Во истото семејство може да постојат повеќе за прв пат откриени проблеми:

- Неправилна нега и неправилна исхрана
- Здравствена неедуцираност во семејството
- Хронично болни
- Наркоманија во семејството - семејството е загрозено заради зависност од дрога на член или на членови од семејството
- Алкохолизам во семејството - семејството е загрозено заради зависност од алкохол на член или на членови од семејството
- Насилство во семејството - семејството е загрозено заради сите видови на насилство на член или на членови од семејството
- Осамено старо лице - корисникот е загрозен заради осаменост
- Недоволен доход во семејството - семејство без редовни финансиски средства
- Несредени станбени услови - семејството е без стан
- Несредени меѓусебни односи во семејството - семејството е загрозено заради односите меѓу членовите

- Невработеност во семејството - во семејството никој не е редовно вработен
- Останати - сите други проблеми во семејството, кај корисникот, во заедницата

Во оваа смисла, 2005 година, се добиени многу значајни податоци, бидејќи патронажните сестри пријавиле вкупно 18376 здравствено-социјални проблеми, од кои на прво место е невработеноста со 5434 случаи, на второ место е недоволен доход во семејството со 4438 случаи, потоа хронични болни 2715, следи недоволната здравствена едуцираност 1611 појави, а не е мал ни бројот на откриени појави на неправилна нега и исхрана, несредени станбени услови, осамено старо лице, алкохолизам, семејно насилство, наркоманија и слично.

Табела 10. Здравствено-социјални проблеми,2005

| Бр. | Здравствено-социјални проблеми | Број на проблеми |
|---|---|---|
| 1 | Неправилна нега | 813 |
| 2 | Неправилна исхрана | 984 |
| 3 | Здравствени неедуцираност во семејството | 1611 |
| 4 | Хронични болни | 2715 |
| 5 | Наркоманија во семејството | 8 |
| 6 | Алкохолизам во семејството | 133 |
| 7 | Насилство во семејството | 51 |
| 8 | Осамено старо лице | 203 |
| 9 | Недоволен доход во семејството | 4438 |
| 10 | Несредени стамбени услови | 945 |
| 11 | Несредени меѓусебни односи | 496 |
| 12 | Невработеност во семејството | 5434 |
| 13 | Останати | 545 |
| **1-13** | **Вкупно** | **18376** |

Извор: Републички завод за здравствена заштита-Скопје,2005

Во 2023 година, патронажните сестри пријавиле вкупно 16.143 здравствено-социјални проблеми, кои се разликуваат во однос на проблемите во 2005 година. Имено сега најголем број проблеми се пријавени кај хроничните болнисо 7340 пријави, на второ место се невработени во семејството со 1734 пријави, следи недоволната здравствена едуцираност 1709 пријави, осамени стари лица 1703, недоволен доход во семејството 1561 пријава, следуваат неправилна исхрана, неправилна нега, и несредени стамбени услови. Ваквата состојба се должи на се поголем број хронични незаразни болни, кои можат да бидат последица на сиромаштијата, недоволната здравствена едуцираност, неправилната исхрана, несоодветни стамбени услови и друго.

Табела 11. Здравствено-социјални проблеми,2023

| Ред. Број | Тип на проблем | Број на проблеми |
|---|---|---|
| 1 | Неправилна нега | 648 |
| 2 | Неправилна исхрана | 786 |
| 3 | Здравствена needуцираност во семејството | 1709 |
| 4 | Хронично болни | 7340 |
| 5 | Наркоманија во семејството | 11 |
| 6 | Алкохолизам во семејството | 16 |
| 7 | Насилство во семејството | 8 |
| 8 | Осамено старо лице | 1703 |
| 9 | Недоволен доход во семејството | 1561 |
| 10 | Несредени станбени услови | 202 |
| 11 | Несредени меѓусебни односи во семејството | 51 |
| 12 | Невработени во семејството | 1734 |
| 13 | Останати | 374 |
| | **ВКУПНО** | **16143** |

Институт: Институт за јавно здравје на РСМ-Скопје, 2024

### *3.2.1.4. Вид и место на интервенции*

**Вид на интервенција:**

Дефиниција на интервенција: Интервенција се дефинира како акција или процес на намерно вклучување во ситуација со цел да се промени исходот. Решавање на здравствено-социјална проблематика кај поединецот или семејството: координација со установи, обезбедување на права од здравственото осигурување, обезбедување на ортопедски и други помагала, обезбедување мултидисциплинарни тимови и слично.

Вид на интервенција:

- Обезбедување на здравствена нега во домот - вкупен број на интервенции со кои патронажната сестра ја обезбедила здравствената нега во домот;
